Врз основа на член 23, 25, 26, 42 и 104 од Законот за Здруженија и фондации ( "Сл. Весник на РМ" бр. 52 од 16.04.2010), Законот за спортот на РМ ( "Сл. Весник на РМ" бр. 29/02 и 66/04) и член 36 ст.1 т.1 од статутот на Здружението на граѓани Авто Картинг Клубот -Никола Карев- на седницата одржана на 12.01.2011 г., Здружението Авто Картинг Клуб-от "Никола Карев" го донесе следниот:

# С Т А Т У Т

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО
## АВТО КАРТИНГ КЛУБ „Никола Карев"

**(пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Авто Картинг Клубот „Никола Карев" од Скопје (во натамошниот текст: АКК „Никола Карев") е спортско доброволно и непартиско Здружение во кое членуваат, спортисти, граѓани, спортски работници, натпреварувачи и љубители на авто картинг спортот со основна задача да го развива, проширува и унапредува авто картинг спортот во интерес на Клубот и пошироките заеднички интереси.

Членот зачленет во АКК „Никола Карев"е член на Автомобилистичката Федерација на Македонија (во понатамошниот текст-АФМ)

### Член 2

АКК „Никола Карев" е здружение во кое спортистите, граѓаните, спортските работници и љубителите на авто картинг спортот ги остваруваат заедничките потреби, цели, и спортски интереси и задачи определени со Статутот на АКК „Никола Карев", Статутот на АФМ и со други акти, во согласност со Законот.

### Член 3

АКК „Никола Карев", како здружение ги остварува своите цели и задачи на подрачјето на општината и пошироко, преку својата работа на својата стручна служба, секции и работни тела.

### Член 4

Работата на АКК „Никола Карев" е јавна.

На седниците на органите и телата на АКК Никола Карев може да присуствуваат спортистите, спортските работници, членовите и заинтересираните граѓани. За својата работа АКК „Никола Карев" ја информира јавноста преку гласила, дневен печат, својата веб страна, телевизијата, како и со самата објава на сите

промени и извештаи доставувајки ги до Регистарот на РМ задолжен за јавна објава на истите.

## 1. **ИМЕ СЕДИШТА И ОБЕЛЕЖЈА**

### Член 5

Името на Здружението е: Авто Картинг Клуб „Никола Карев“. Скратеното име на здружението е АКК Никола Карев.

Седиштето на АКК Никола Карев е во Скопје на бул. "Јане Сандански" бр.11/4/9 соба 2.

### Член 6

Амблемот на АКК-от го сочинуваат силуета на автомобил во кој се испишани почетните букви од името АККНК.

### Член 7

Знамето на АКК Никола Карев е со портокалова боја, со амблемот на АКК-от во средината.

Односот на ширината спрема должината на знамето е еден спрема два.

### Член 8

АКК „Никола Карев“ има свој печат и штембил.

Печатот на АКК „Никола Карев”има форма на круг со пречник од 40 мм, со амблем на АКК „Никола Карев“, а кој задолжително го содржи и амблемот на АФМ.

Штембилот на АКК „Никола Карев“ има правоаголна форма на чија средина во горниот дел се наоѓа амблемот на АКК-от, а под него зборовите Авто Картинг Клуб „Никола Карев“. На долниот дел од штембилот - испишана е ознака со број, ден, месец, година, а во последниот ред - Скопје.

### Член 9

АКК „Никола Карев“ во системот на АФМ, во својот печат, штембил, меморандум и знамето ја има и ознаката на АФМ.

### Член 10

АКК Никола Карев има својство на правно лице.

**Член 11**

АКК„Никола Карев“ го претставува и застапува Претседателот на Собранието на АКК Никола Карев без ограничувања, а во сите спортски облици го застапуваат и Генералниот секретар и Секретарот на АКК Никола Карев.

## II.ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА АКК „Никола Карев“

**Член 12**

Основни цели и задачи на клубот се:

- ги координира и усогласува програмските активности во областа на спортот со АФМ;
- Во склоп на АФМ ги покренува и разгледува сите прашања од дејноста на АФМ со цел унапредување на автомобилскиот и картинг спорт.
- Избира претставници за органите и телата на АФМ
- Користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши АФМ во склоп на својата дејност
- Дава на АФМ информации и податоци кој од него се бараат поради извршување на Законот и Статутот за предвидени работи и задачи.
- Редовно ја плаќа членарината во АФМ
- Има увид во работата на АФМ и неговите тела
- Го чува и подигнува спортскиот и национален углед на АФМ
- Ги извршува одлуките на органите и телата на АФМ
- работи на оформување на квалитетни спортисти и спортски педагози;
- организира спортски натпревари во автомобилизам и картинг;
- учествува со свои членови - натпреварувачи и функционери на спортски натпревари што се бодуваат за Државните шампионати на Македонија во автомобилизам и картинг;
- учествува со свои членови - натпреварувачи и функционери на меѓународни и други спортски натпревари, самостојно или во соработка со АФМ
- ги застапува интересите на членовите кај надлежните државни органи и стопанските организации при донесување на прописи кои се од интерес на членовите;
- покренува иницијатива за донесување на закони и прописи за унапредување на спортот;
- ги застапува интересите на членовите-спортистите пред АФМ, и институциите во земјата и надвор од неа, а со цел остварување и заштита на нивните права и интереси за време на спортските натпревари, по одржување на натпреварите и во други случаи;
- ги потикнува и развива добрите морални и спортски обичаи;

- во соработка со АФМ се грижи за афирмација на Републиката на меѓународен спортски план;
- се грижи за спречување на нелојалната конкуренција и монополска положба меѓу спортистите;
- пружа заштита, ги претставува и усогласува посебните, заедничките и општите интереси на спортистите и членовите;
- се грижи за обезбедување и подготвување на спортските автомобили и картинзи за успешен настап на натпревари организирани во земјата и странство;
- се грижи за обезбедување на потребните услови за нормална работа на Клубот според можностите, како што се спортски објекти, општествени простории, стручен кадар, спортска опрема, резервни делови за спортски автомобили, моторцикли и друго.
- собира пријатели на клубот и тоа поединци и спонзори (трговски друштва) за придонес во развојот на спортот и остварување на целите и задачите на Клубот.
- врши и други работи и задачи кои се од заеднички интерес на членовите на Клубот, а се утврдени со Закон или друг акт.

**Член 13**

За извршување на целите и задачите од претходниот член, а во зависност од условите и материјалните можности, Клубот може да формира екипи во различни дисциплини во автомобилизам и картинг.

**Член 14**

За остварување на своите цели и задачи АКК „Никола Карев“ се потпира врз иницијативата, активностите, мислењата и предлозите на своето членство, Собранието и другите органи и тела на клубот, како и врз упатствата, ставовите и заклучоците на АФМ и другите општествени спортски форуми.

## III. ЧЛЕНСТВО

**Член 15**

Членството во АКК „Никола Карев“ е доброволно.

Член на АКК Никола Карев може да стане секој граѓанин државјанин на Република Македонија и кој ги прифаќа целите и задачите утврдени со овој Статут, потпишува изјава за пристапување во Клубот и редовно ја плаќа членарината. Член може да биде и секој странски државјанин ако потпише пристапница и редовно ја плаќа членарината.

**Член 16**

Членовите можат да бидат редовни, привремени, помагателни, почесни, подмладок и дописни.

Редовните членови се основачите на здружението, како и сите оние членови избрани за редовни од страна на Собранието на АКК Никола Карев.

Привремените членови се спортистите, натпреварувачите и функционерите од областа на автомобилизмот и картингот.

Помагателни членови можат да станат физички и правни лица кои материјално сакаат да го помогнат развојот на АКК „Никола Карев".

Почесен член може да биде физичко или правно лице кое за особени заслуги во остварувањето на целите и задачите на АКК „Никола Карев" ќе го прогласи Собранието на АКК „Никола Карев".

Членови подмладок се деца и младина помлади од 18 години со согласност на родителите.

Дописните членови се лица кои имаат заслуга во областа на сообраќајот, како и лица кои ја информираат јавноста за активностите на АКК Никола Карев и АФМ.

**Член 17**

Помагателните членови врз основа на својата активност и вложени средства добиваат благодарници.

Почесен член е највисоко јавно признание за кое се добива посебна диплома.

Помагателните, почесните и дописните членови се ослободени од плаќање на основната членарина.

**Член 18**

Членовите на АКК „Никола Карев" имаат свои права и обврски.

Права на членовите се:

- да ги користат услугите, помошта и заштитата во земјата и странство;
- да бидат информирани за сообраќајот и спортските натпревари како и за постигнатите резултати;
- активно да се занимаваат со спорт, односно да учествуваат во работата на клубот;
- да ги користат објектите и услугите на стручните кадри, со цел да ја подигнат својата психофизичка способност и спортски квалитети;
- да бираат и да бидат избирани во органите на АКК „Никола Карев" и АФМ.

Должност на членовите е:

- да ги почитуваат и спроведуваат одредбите на овој Статут и Статутот на АФМ, како и Одлуките, правилниците и другите општи акти донесени од органите и телата на АКК Никола Карев и АФМ;
- да се воздржуваат од секое политичко делување во Клубот;
- да се натпреваруваат на автомобилски и картинг натпревари и максимално да се залагаат, чесно и фер да се борат за остварување на добри резултати и боите на својот Клуб;
- да го чуваат и издигаат угледот на Клубот, да се однесуваат коректно и спортски на натпреварите, турнирите, состаноците и спортските манифестации;
- да учествуваат во редовната работа на Клубот и другите активности;

- активно да учествуваат во работата на органите во кои се избрани;
- редовно да ја плаќаат членарината.
- сите активности во рамките на Клубот ги води и почитува како деловна тајна.

**Член 19**

Членството на членовите на Клубот им престанува:
- со исклучување од здружението и тоа со одлука - писмена исписница донесена од Собранието на АКК Никола Карев за редовните членови или со одлука – писмена исписница донесена од Претседателот на АКК Никола Карев за привремените членови;
- со самоволно истапување од здружението согласно договорот и Статутот на АКК Никола Карев;
- со кршење на клубската дисциплина, неспортско однесување, и рушење на угледот на клубот;
- со неплаќање членарина;

**Член 20**

Почесните членови, привремените членови, дописните членови и членовите на подмладокот можат советодавно да учествуваат во работата на Клубот и неговите работни тела, но не и да ја кројат политиката на Клубот.

**Член 21**

АКК „Никола Карев“ може да формира секции и екипи во разни дисциплини во авто картинг спортот. Меѓусебните односи на секциите и екипите се уредуваат со Правилник за работа и делување на секциите и екипите.

**Член 22**

За повредите на членските должности од член 18 на овој Статут, постапката ја води и мерките ги изрекува дисциплинската комисија именувана од управниот одбор на АКК „Никола Карев“ . Во составот на дисциплинската комисија не може да се именуваат членови на Управниот одбор на АКК „Никола Карев“

Начинот на работа, именувањето и разрешувањето на членовите на дисциплинската комисија се уредува со Правилник кој го донесува Управниот одбор на АКК „Никола Карев“.

Против одлуката на дисциплинската комисија членот во рок од 30 дена, има право на приговор до Собранието на АКК „Никола Карев“, а Одлуката на Собранието на АКК Никола Карев е конечна.

Со исклучувањето и конечното бришење на членот може да се бара членот да го врати тековното членство, како и признанијата.

**Член 23**

АКК „Никола Карев“ донесува свој Статут, има својство на правно лице со регистрирање пред орган надлежен за регистрација, а се стекнува со право на здружување со потпишување на Договорот за здружување на АФМ.

АКК се стекнува со право на соработка со АФМ ако ги исполнува условите утврдени со Закон и следните услови:

- го прифати и потпише Договорот за соработка со АФМ
- Статутот да е усогласен со Статутот на АФМ;
- има програма за активности и развој.

Одлука за здружување во АФМ за исполнување на условите на АКК од претходниот став донесуваат органите на АФМ.

Против одлуката на органите на АФМ од став 3 на овој член, АКК Никола Карев може да поднесе приговор до Собранието на АФМ.

**Член 24**

Во меѓусебните односи АКК „Никола Карев“ и АФМ ги има следните обврски :

1. АКК „Никола Карев“ спрема АФМ има обврски:

- Дава на АФМ информации и податоци кој од него се бараат поради извршување на Законот и Статутот за предвидени работи и задачи
- Редовно ја плаќа членарината во АФМ
- Го чува и подигнува спортскиот и национален углед на АФМ
- Ги извршува одлуките на органите и телата на АФМ
- Користи стручна и друга помош, како и услуги кои ги врши АФМ во склоп на својата дејност
- Има увид во работата на АФМ и неговите тела
- Избира претставници за органите и телата на АФМ

2. АФМ спрема АКК„Никола Карев“ има обврски:

- Во склоп на АФМ ги покренува и разгледува сите прашања од дејноста на АФМ со цел унапредување на автомобилскиот и картинг спорт.
- Дава целосна поддршка, материјална и нематеријална, а се со цел унапредување и развивање на автомобилистичкиот и картинг спортот во Република Македонија

## IV. ИМОТ, ФИНАНСИРАЊЕ И МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**Член 25**

Имотот на АКК „Никола Карев“ се состои од подвижен имот, спортски реквизити и опрема, готовински средства и хартии од вредност.

Со имотот со внимание на добар стопанственик управуваат органите на АКК Никола Карев, кои се одговорни за неговото располагање и користење.

Имотот служи и се користи за остварување на своите цели и задачи на АКК утврдени со овој Статут.

Целокупниот подвижен имот на Клубот мора да биде инвентаризиран. На крајот на годината се врши комисиско расходување на подвижниот имот (опремата)за што се составува записник и се доставува до органите на АКК „Никола Карев“.

**Член 26**

Средствата кои ги користи АКК „Никола Карев“ за остварување на своите цели и задачи се стекнуваат од:

- приходи од членарина;
- средства остварени од реклама и слично;
- средства остварени од спонзорство и донаторство;
- дотации, подароци и помош;
- средства од дивиденди;
- приредување на игри на среќа
- други приходи во согласност со Законот.

**Член 27**

Користењето и располагањето со средствата на АКК „Никола Карев“ добиени по основ од претходниот член се врши на начин утврден со Закон и овој Статут.

За користењето и располагањето одлучуваат органите на АКК, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои превземаат мерки за економско користење на средствата.

**Член 28**

АКК „Никола Карев“ донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Клубот.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 26 од Статутот, како и расходите за општествените и спортските активности, набавка на спортски автомобили и картинзи, спортска опрема, алат, материјални трошоци при работа и други расходи.

Завршната сметка од работењето на АКК Никола Карев, согласно Законот редовно ќе биде доставувана до надлежниот Регистарот РМ, а со тоа ќе биде и јавно објавена

**Член 29**

Материјалното и финансиското работење на Клубот ќе се организира и извршува преку стручни лица од членството на Клубот, а врз основа на важечките законски прописи, акти што ги донесуваат повисоките спортски органи, како и врз основа на финансискиот план на Клубот.

Клубот по потреба за извршување на работите од став 1 на овој член може да ангажира и трети лица.

## V. УПРАВУВАЊЕ СО АКК „Никола Карев“

### Член 30

Со АКК „Никола Карев“ управува организирано членство на Клубот непосредно преку своите претставници во органите.

Права и должности на претставникот се:

- претставникот да избира и да биде биран во органите на АКК и соодветни работни тела на АФМ.
- претставникот да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- претставникот да работи и да се грижи за развивање и унапредување на спортските и општествените активности, кои произлегуваат од Статутот , програмските цели и задачи и усвоените насоки и заклучоци;
- да ги спроведува во целост одредбите од Статутот, програмските цели и задачи за развој и организирање на спортски натпревари;
- да ги застапува интересите на АКК;
- да врши и други работи предвидени со овој Статут и Статутот на АФМ.

## VI. ОРГАНИ НА АКК

### Член 31

Органи на АКК „Никола Карев“ се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Управен одбор
4. Генерален секретар
5. Секретар

### СОБРАНИЕ

### Член 32

Претставници на Собранието на АКК „Никола Карев“ со право на глас се редовните членовите АКК Никола Карев. Собранието, избира и нови претставници и со тоа се стекнуваат со редовен член и разрешува стари претставници на предлог на член на АКК НК со просто мнозинство.

Секој од редовните членови е со право на еден глас.

Мандатот на претставникот во собранието на АКК Никола Карев трае 4 (четири) години.

**Член 33**

Седница на Собранието свикува Претседателот на Собранието.

Седницата на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор на АКК и 1/5 од вкупниот број претставници на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикуват поднесувачите на став 2 од овој член.

Начинот на свикување на седниците и работата на Собранието се уредува со Деловник за работа на Собранието на АКК.

**Член 34**

Собранието на АКК „Никола Карев“ полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број претставници со право на глас.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници со право на глас освен избор на претседател кој се избира и разрешува со мнозинство од вкупниот број претставници со право на глас во Собранието.

**Член 35**

Собранието на АКК „Никола Карев“од редовите на своите членови избира Управен одбор кој е извршен орган на Собранието.

**Член 36**

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот и другите општи акти на Клубот и нивните измени и дополнувања;
- донесува програми, финансиски план и ја усвојува завршната сметка на Клубот;
- врши избор и именување на претседател и генерален секретар на Клубот;
- врши избор и разрешување на членовите на Управниот одбор;
- избира и разрешува редовни членоиви на АКК Никола Карев, кои се претставници во собранието со право на глас;
- усвојува извештаи на органите и телата на Клубот;
- разгледува и утврдува ставови по прашања за спортот и други прашања за работата на Клубот;
- одлучува за облиците на организирање и работење на Клубот;
- одлучува за прогласување на почесни членови и доделување на дипломи, благодарници и признанија.
- одлучува за основање на фондови;
- одлучува за приредување на игри на среќа, и бара одобрение од надлежен државен орган за истото;

- одлучува за престанок на работа на АКК;
- донесува Деловник за својата работа;
- врши и други работи од делокругот на Клубот доколку со овој статут не се ставени во надлежност на Управниот одбор.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Член 37**

Претседателот на АКК „Никола Карев“ го избира Собранието на Клубот со мандат од 4 години. Реизборот на претседателот е неограничен.

За својата работа претседателот на Собранието одговара на Собранието на АКК „Никола Карев“.

Претседателот на Собранието на АКК „Никола Карев“ е надлежен да:

- ги свикува и претседава со седниците на Собранието и Управниот одбор на АКК;
- се грижи за подготвување на седниците на Собранието и Управниот одбор на АКК;
- го претставува и застапува АКК во земјата и странство без ограничувања;
- врши прием на привремени членови на АКК Никола Карев;
- ги потпишува општите акти и другите Одлуки кој ги донесува Собранието и Управниот одбор на АКК;
- ги потпишува сите финансиски и спортски документи
- го назначува секретарот на клубот,
- врши и други работи во рамките на неговите овластувања утврдени со Законот, Статутот на АФМ и овој Статут.
- Сите документи потпиешани од Претседателот се важечки со поединечен потпис.

Во случај на подолготрајна спреченост функцијата Претседател ја извршува Генералниот секретар до изборот на нов Претседател.

**УПРАВЕН ОДБОР**

**Член 38**

Управниот одбор на АКК „Никола Карев“ е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на АКК „Никола Карев“.

Управниот одбор брои 5 члена од кои 3 члена се избират од редот на претставниците на Собранието, а генералниот секретар и претседателот на АКК „Никола Карев“ се членови по функција.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

Претседателот на Собранието на АКК е по функција и претседател на Управниот одбор на АКК. Мандатот на претседателот трае 4 години.

**Член 39**

Во надлежност на Управниот одбор е следното:
- ги спроведува Статутарните и програмските задачи на Клубот, одлуките и заклучоците на Собранието;
- ги утврдува програмите и плановите за работа на Клубовите;
- го утврдува предлогот на Статутот и неговите измени и дополнувања;
- го утврдува предлог финансискиот план, завршните сметки и периодичните пресметки;
- ја утврдува висината на членарината;
  ја утврдува висината на таксата, надоместокот и останатите тарифи, за доставување барања, жалби и сл.;
- донесува општи акти врз основа на Законот и Статутот;
- одлучува за организирање на спортски натпревари;
- одлучува за набавка на спортски автомобили и картинзи;
- одлучува за патување во странство;
- одлучува по приговори и жалби;
- избира и разрешува претседатели и членови на работни тела;
- организира и учествува во разни акции и манифестации за развој на авто картинг спортот;
- врши и други работи во согласност со овој Статут.

**Член 40**

Управниот одбор се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седниците ги свикува и на нив претседава претседателот на Клубот.

Во случај на отсутност или спреченост на претседателот седницата ја свикува и со неа раководи генералниот секретар.

Предлог за свикување на седница на Управниот одбор може да поднесат 1/3 од членовите на Управниот одбор.

Начинот на свикување на седниците и работењето на Управниот одбор се утврдува со Деловник за работа.

Управниот одбор полноважно работи ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови, а Одлуките ги донесува со мнозинство од присутните членови.

Управниот одбор формира работни тела и тоа:
- комисија за авто спорт;
- комисија за картинг;
- комисија за маркетинг;
- дисциплинската комисија;
- други комисии

Комисиите се состојат од 3 (три) члена и за својата работа одговараат пред Управниот одбор на Клубот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Член 41**

Генералниот секретар на АКК „Никола Карев“ е надлежен:

- го застапува АКК Никола Карев во областа на спортот и е официјален потписник на сите видови документации од спортскиот домен;
- Сите документи потпиешани од Генералниот секретар од спортскиот домен се важечки со поединечен потпис.
- се грижи за извршување на одлуките на Собранието, Управниот одбор и другите органи и работни тела;
- се грижи за спроведување на општите акти;
- ја координира работата на органите и телата на Клубот;
- одлучува за набавка и отуѓување на опрема врз основа на утврдена сума од Управниот одбор на Клубот;

**Член 42**

Генералниот секретар го застапува АКК „Никола Карев“ во областа на спортот без ограничување.

Генералниот Секретар го заменува Претседателот во случај на отсутност од РМ и ги има сите негови ингеренции во целост.

Мандатот на Генералниот секретар трае 4 (четири) години.

**СЕКРЕТАР**

**Член 43**

Секретарот на АКК „Никола Карев“ е надлежен:

- се грижи за информирање на членовите на Клубот ;
- се грижи за подготвување на седници на Собранието и Управниот одбор на Клубот;
- го застапува АКК Никола Карев во областа на спортот и е официјален потписник на сите видови документации од спортскиот домен;
- Сите документи потпиешани од Секретарот од спортскиот домен се важечки со поединечен потпис.
- раководи со стручната служба на АКК;
- се грижи за кадровските и правните прашања
- врши и други работи утврдени со Статутот;

Секретарот на АКК може професионално да се занимава како работоводен орган на АКК Никола Карев.

Мандатот на Секретарот трае 4 (четири) години.

**VII. СТРУЧНА СЛУЖБА НА АКК**

**Член 44**

За извршување на административно-стручни, помошни и слични работи од заеднички интерес за остварување  на целите и задачите на АКК „Никола Карев“ може да се формира Стручна служба.

Правата, обврските и одговорностите за работа на Стручната служба на АКК се утврдува  со посебен акт што го донесува Собранието на АКК.

Средствата за работа на Стручната служба се определуваат со финансискиот план за секоја година.

## VIII. ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ

### Член 45

За остварување на целите, задачите и спортските резултати на поединици, спортисти, спортски работници, екипи и организации Управниот одбор доделува признанија и награди.

Признанијата и наградите се доделуваат по правило на  денот на одредени јубилеји, денот на АФМ или по завршување на спортските натпревари.

Признанијата се во писмена форма а може да бидат како: дипломи, благодарници и признанија.

Наградите се во паричен износ, чии износ е определен со Правилникот за доделување на  признанија и награди кој го донесува Собранието на АКК Никола Карев.

Наградите во паричен износ кои се доделуваат на спортистите и механичарите не може да го надминат највисокиот износ кој е определен со Правилникот за доделување на признанија и награди, или со соодветно потпишан Договор за остварување на  спортски резултати.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 46

Измените и дополнувањата на Статутот ги донесува Собранието на АКК „Никола Карев“ на начин на кој е донесен и самиот Статут.

### Член 47

Избраните претставници во Собранието, Управниот одбор, Генералниот секретар и секретарот продолжуваат со работа до истекот на мандатот за кој се избрани.

### Член 48

Одлука за престанок на работа на АКК „Никола Карев“ донесува Собранието на АКК со двотретинско мнозинство и тоа ако:

- бројот на редовните членови се намали под бројот определен за основање и Статутот на АФМ;
- по сила на Законот односно кога ќе се донесе забрана за работа на Клубот од надлежен државен орган;
- кога ќе се утврди дека Клубот не е активен односно престанал да постои.

**Член 49**

Толкување на одредбите од овој Статут врши Собранието на АКК „Никола Карев“.

**Член 50**

Измените инкорпорирани во пречистениот текст на овој Статут се усвоени на Собранието на АКК „Никола Карев“ одржано на 12.01.2011 година и ќе се применува веднаш со нивното донесување.

Статутот се доставува до ЦРМ, АФМ и АМС.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА**
**АКК "Никола Карев"**

____________________________________